ла за производство на електрична енергија добиена по основ на Договор за концесија со бр.12-2867/17 од 20.3.2012 година, за пренос на уделот од содружникот Гранит АД Скопје и тоа: 49% од уделот на Друштвото Хидро Холдинг ДОО Скопје и 1% од уделот на содружникот Феро Инвест ДОО Скопје.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-8742/3-17 | Претседател на Владата |
| 4 јануари 2018 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

---

**89.**

Врз основа на член 71 став (7) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16 и 189/16), Владата на Република Македонија на седницата, одржана на 4.1.2018 година, донесе

**ТАРИФНИК**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ТАРИФНИКОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА СТРУЧНА ОЦЕНА (РЕВИЗИЈА) НА ГЕОЛОШКА ДОКУМЕНТАЦИЈА И РУДАРСКИТЕ ПРОЕКТИ**

Член 1

Во Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците за вршење на стручна оцена (ревизија) на геолошка документација и рударските проекти („Службен весник на Република Македонија“ бр.155/15), во членот 2 во точките 8, 9, 10 и 11 по зборот: „истражувања“ се додаваат зборовите: “и елаборат за прекатегоризација на рудните резерви“.

Член 2

Овој тарифник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-7094/1-17 | Претседател на Владата |
| 4 јануари 2018 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

**90.**

Врз основа на член 18, став (1), точка б) и став (2) од Законот за нотаријатот („Службен весник на РМ“ бр. 72/16 и 142/16), Министерството за правда на ден 2.1.2018 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА СЛУЖБАТА НА НОТАРОТ**

1. На нотарот Стоимен Трајчев од Кочани, со службено седиште за подрачјето на Основниот суд во Кочани, му престанува службата на нотар поради навршени 64 години возраст.

2. Решението влегува во сила на ден 29.1.2018 година.

**Образложение**

Со Решение на министерот за правда бр. 04-3546/1 од 27.7.1999 година, врз основа на четвртиот конкурс лицето Стоимен Трајчев е именуван за нотар на подрачјето на Основниот суд во Кочани. Нотарот Стоимен Трајчев од Кочани роден на ден 29.1.1954 година, на ден 29.1.2018 година навршува 64 години возраст, поради што ги исполнува условите за престанок на службата на нотарот.

Согласно наведеното, а врз основа на член 18, став (1), точка б) и став (2) од Законот за нотаријатот („Службен весник на РМ“ бр. 72/16 и 142/16), Министерството за правда одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

| | |
|---|---|
| Бр. 09-30/1 | |
| 2 јануари 2018 година | Министер за правда, |
| Скопје | **Билен Саљиџи,** с.р. |

## АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ

**91.**

Врз основа на член 44, став (5) и член 48, став (1) од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16), ја приложуваме следната